РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бр.02-2086/1
5.7.2022 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 84 од Статутот на Природно-математичкиот факултет-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021), Деканатската управа на 19-та редовна седница одржана на ден 28.6.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката бр. 02-190/3 од 5.2.2016г.**

1. Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката бр. 02-190/3 од 5.2.2016 г. донесена на 47-та редовна седница на Деканатската управа одржана на 4.2.2016 година.

2. Во членот 1 по зборот „натпревари“ се додаваат зборовите: „за средните училишта“.

3. Во членот 3 наместо: “повисок од 9.00“ да стои: „од 9.50-10.00“.

4. Во се друго Одлуката останува иста.

5. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од учебната 2022/2023 година.

6. Студентите запишани до влегување во сила на оваа одлука продолжуваат да студираат согласно условите кои важеле при уписот.

Д Е К А Н,
Проф. д-р Александар Скепаровски

---

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
Бр.02-190/3
5.2.2016 год.
Скопје

Врз основа на член 72 став 2 точка 6 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методија“ во Скопје, постапувајќи по барањето бр.

02-1901/2 од 18.12.2016 година на Институтот за географија, Деканатската управа на 47-та редовна седницата одржана на 04.02.2016 година, донесе

ОДЛУКА

1. Студентите кои оствариле прво место на државни натпревари организирани од здруженија и друштва во рамки на сите институти на Природно-математичкиот факултет во Скопје, а кои ќе се запишат на студии на Природно-математичкиот факултет, се ослободуваат од плаќање партиципација во првата година на студирањето.

2. Бројот на студентите кои се ослободуваат од партиципација не може да биде поголем од три на секој институт.

3. Студентите имаат право на ослободувањето од партиципација во останатите години на студирање доколку нивниот просечен успех во студирањето биде повисок од 9,00.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ДЕКАН,
Проф. д-р Ицко Ѓоргоски